Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги
МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ
Бр. 03-764/2
28.07 2023 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-722/29
28.07 2023 год.
ЗРНОВЦИ

**Арх.број 09-722/29 од 28.07.2023 година**

# Д О Г О В О Р

**За вршење на стручен надзор над изведба на градежни работи во Општина Зрновци за период од една година**

**Склучен на ден 28.07.2023 година во Зрновци, помеѓу:**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1.ОПШТИНА ЗРНОВЦИ** – со седиште на ул. „Илинденска" бб Зрновци, застапувана од градоначалникот, Борчо Коцев (во натамошниот текст: ***Нарачувач***) **од една страна, и**

**2. Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје**
– со седиште на ул„Никола Парапуов„ бр.27-3/20 , Скопје застапувано од управителот Љубомир Терзиоски (во натамошниот текст: Вршител на услугата) **од друга страна**

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорените страни, во врска со вршење на стручен надзор над изведба на градежни работи во Општина Зрновци за период од една година, согласно Одлуката за јавна набавка број 09-722/1 од 05.07.2023 година, по спроведена постапка ,Набавка од мала вредност со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка број 12126/2023 година и Одлуката за избор на најповолна понуда број 09-722/20 од 20.07.2023година.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е вршење на стручен надзор над изведба на градежни работи во Општина Зрновци за период од една година, согласно прифатената понуда на Вршителот на услугата (конечна понуда по е-аукцијата), техничката спецификација од тендерската документација и тендерската документација, кои се составен дел на овој Договор.

Конечната понуда после е-аукцијата е составен дел на овој договор.

**Член 3**

Со овој Договор Вршителот на услугата се обврзува, во име и за сметка на Нарачувачот, да врши стручен надзор над изведба на градежни работи во Општина Зрновци за период од една година односно до завршување на веќе започнатите градежни работи во периодот на важност на договорот.

Услугата за вршење на стручен надзор над изведба на градежни работи во Општина Зрновци за период од една година, ќе се извршува од страна на Надзорен инженер кој ќе биде определен од страна на Вршителот на услугата.

## III. ЦЕНА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната цена на услугите од член 2 на овој Договор, изнесува 0,01 % од вредноста на објектите за кои ке биде вршен надзор од страна на Вршителот на услугата но не повеќе од 200.000.00 денари без вклучен ДДВ.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува 36.000.00 денари.

Вкупната цена на Договорот со вклучен ДДВ изнесува до 236.000.00 денари.

## IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува во времетраење од 1 (една) година од неговото потпишување ,односно до завршување на започнатите градежни работи во периодот на времетраење на Договорот.

Овој договор престанува да важи кога во целост ќе бидат исполнети правата и обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорените страни.

## V. ОБВРСКИ НА НАРАЧУВАЧОТ

**Член 6**

Нарачувачот со овој Договор се обврзува:

1) Да му овозможи на Вршителот на услугата услови за соодветно и навремено извршување на договорните обврски;

2) Да му предаде на Вршителот на услугата копија од договорот склучен помеѓу Нарачувачот и Изведувачот и копија од прифатената понуда која се однесува за набавка на градежни работи кои се предмет на надзор од страна на Вршителот на услугата.

3) Да му ги предаде на Вршителот на услугата сите информации со кои располага, а кои се потребни за непречено извршување на услугите;

4) Да му овозможи на Вршителот на услугата, а во рамките на можностите на Нарачувачот пристап до останатите институции во смисол на прибирање на информации кои треба да ги добие Вршителот на услугата, а кои се потребни за непречено извршување на услугите;

5) Да го извести Вршителот на услугата за лицето кое е определено од страна на Нарачувачот за координација и соработка помеѓу Нарачувачот, Изведувачот и Вршителот на услугата, како претставник на Нарачувачот;

6) Да го извести Вршителот на услугата за правното лице (Изведувач) кое изведува градежни работи за сметка на Нарачувачот т.е Општина Зрновци.

7) Да го извести Изведувачот за правното лице (Вршител на услугата) за вршење на надзор над работите, како и за лицето определено од страна на Вршителот на услугата за Надзорен инженер кој во име на Нарачувачот ќе врши надзор над работите и кој ќе биде одговорен за исполнување на обврските во согласност со закон;

8) Да го извести Вршителот на услугата за денот и часот на воведување во работа на Вршителот на услугата;

9) Да го воведе Вршителот на услугата (Надзорниот инженер) во работа;

10) На барање на Вршителот на услугата да се вклучи во решавање на евентуалните несогласувања и проблеми со Изведувачот;

11) Да организира вршење на технички преглед на градбата;

12) Да му плати на Вршителот на услугата надомест за извршените услуги по приемот на потпишани и заверени фактури, доставени во писарница на Нарачувачот по стварно извршени услуги согласно договорот.

## VI. ОБВРСКИ НА ВРШИТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

**Член 7**

Вршителот на услугата е должен услугите кои се предмет на овој Договор да ги изврши стручно, квалитетно и целосно, во се според прифатената понуда и во согласност со одредбите на овој Договор.

**Член 8**

Вршителот на услугата е должен услугите кои се предмет на овој Договор да ги извршува во согласност со добиената лиценца Б за надзор за изградба на градби од втора категорија.

**Член 9**

Вршителот на услугата е должен услугата која се однесува за вршење на надзор , да ја врши постојано, се до целосно завршување на работите од страна на Изведувачот и во согласност со важечките законски прописи кои важат за ваков вид на работи.

**Член 10**

Вршителот на услугата е должен услугата која се однесува за вршење на технички преглед на работите, како и изготвувањето на Извештајот за извршен технички преглед на работите да го изврши согласно Правилникот за начинот на вршење на техничкиот преглед (“Службен весник на Република Македонија“ број 24/2011).

**Член 11**

Рокот за извршување на услугата за вршење на надзор над работите, започнува да тече наредниот ден од денот на воведување на Вршителот на услугата во работа од страна на Нарачувачот.

**Член 12**

Вршителот на услугата со овој Договор се обврзува:

1) Да го извести Изведувачот за денот и часот на воведување во работа на Изведувачот;

2) Да го воведе Изведувачот во работа;

3) Да биде постојано присутен при изведување на работите;

4) Надзор над работите да го врши постојано, совесно и стручно во согласност со правилата на струката и во согласност со закон;

5) Секојдневно да ја контролира работата на Изведувачот;

6) Да врши проверка на квалитетот на вградените материјали ;

7) Да врши проверка дали работите се извршени според важечките технички прописи, нормативите и задолжителните стандарди кои важат за изведувањето на овој вид работи;

8) Да го запознае Нарачувачот и надлежниот градежен инспектор за сите утврдени недостатоци или неправилности констатирани во текот на работите;

9) Да изврши проверка дали во градежниот дневник е запишан датумот на почетокот на работите;

10) Да го потпишува градежниот дневник, кој го води Изведувачот;

11) Редовно да ја прегледува градежната книга и да ги контролира количините на извршените работи кои се внесени во градежната книга врз основа на извршените снимања (мерења) на количините кои ќе служат за подготовка на времените ситуации, односно за подготовка на завршна ситуација, која ја води Изведувачот;

12) Да ја потпишува градежната книга, која ја води Изведувачот;

13) Да ги потпишува времените ситуации односно завршната ситуација, кои ги составува Изведувачот;

14) Да изврши технички преглед на градбата;

15) Да изготви во писмена форма Извештај за извршен технички преглед на градбата, во кој се констатира дека градбата може да се употребува за предвидената намена, односно дека градбата може да се употребува;

16) Да го предаде Извештајот за извршен технички преглед на градбата во писарница на Нарачувачот и

17) Услугите кои се предмет на овој Договор да ги извршува во согласност со добиената лиценца Б за надзор за изградба на градби од втора категорија.

## VI. РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 13

Рокот за извршување на услугата за вршење на стручен надзор над изведба на градежни работи во Општина Зрновци и вршење технички преглед на работите, започнува да тече наредниот ден од денот на воведување на Вршителот на услугата во работа од страна на Нарачувачот и трае до завршување на работите .

Рокот за извршување на технички преглед над извршените работи започнува да тече од денот и часот наведени во писменото известување за вршење на технички преглед доставено до Вршителот на услугата од страна на Нарачателот.

Вршителот на услугата е должен услугата која се однесува за вршење на технички преглед на градбата односно извршените работи да ја изврши најдоцна во рок од 2 работни дена.

Рокот за изготвување на Извештајот за извршен технички преглед на градбата започнува да тече наредниот ден од денот на завршување на техничкиот преглед на градбата.

Вршителот на услугата е должен Извештајот за извршен технички преглед на градбата да го изготви најдоцна во рок од 5 работни дена.

### Член 14

Ако Вршителот на услугата задоцни со исполнување на своите обврски, Нарачувачот ќе бара исполнување на обврските и договорна казна, како и надомест на штета што ја претрпел Нарачувачот настаната поради ненавремено исполнување на обврските.

## VII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 15**

Нарачувачот се обврзува плаќањата за извршените услуги да ги изврши согласно прифатената понуда и тоа вирмански по прием на потпишани и заверени фактури по стварно извршена услуга за извршен надзор над работите и прием на потпишана и заверена фактура по стварно извршена услуга за извршен технички преглед на работите односно по претходно предаден Извештај за извршен технички преглед на градбата во рок од 60 дена.

**Член 16**

За извршената услуга, Нарачувачот се обврзува да му плати на Вршителот на услугата надомест во износ до 236.000.00 денари со вклучен ДДВ.

Начинот на плакање е вирмански ,на сметката на Вршителот на услугата во рок од 60 (шеесет)дена од денот на прием на фактурата за секоја сукцесивна испорака на услугите кои се предмет на договорот.

## VIII. ВИША СИЛА

**Член 17**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранувањето на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување на договорот или раскинување на Договорот.

## IX. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

**Член 18**

Вршителот на услугата на кого му е доверено вршење на надзор над работите, одговара и за недостатоците во извршените работи настанати по вина на Изведувачот ако можел да ги забележи со нормално и разумно надгледување на работите.

## X. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 19**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата настаната поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзиното доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила на време.

**Член 20**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околностите настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 21**

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обрвската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мерки за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

**Член 22**

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## <u>XI . РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ</u>

**Член 23**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат, спорот ќе се решава пред стварно и местно надлежниот суд.

## XII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 24**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 25**

Нарачувачот има право еднострано да го раскине договорот доколку Вршителот на услугата неосновано одбие да ги заврши договорените услуги до исцрпување на договорената вкупна цена, вклучувајќи го при тоа и изготвувањето на Извештајот за технички преглед на работите во кој се констатира дека изведените работи можат да се ставaт во употреба за предвидената намена.

**Член 26**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да и остави дополнителен примерен рок од 3 работни дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска ни во дополнителниот рок од 3 работни дена, другата договорна страна, може да го раскине договорот, без отказен рок, при што има право на надомест на штета.

**Член 27**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување, ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок, при што има право на надомест на штета.

**Член 28**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обвската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата договорна страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 29**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа без одлагање писмено да ја извести другата договорна страна со приложување на писмена изјава за раскин на договорот.

Договорот ќе се смета за раскинат по приемот на писменото известување од ставот 1 на овој член.

**Член 30**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 31**

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од страна на договорните страни.

**Член 32**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и важечките законски прописи во Република Македонија.

**Член 33**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат со заедничка согласност на договорните стани по писмен пат.

Договорот може да се изменува и дополнува со Анекс-Договор потпишан од овластените претставници на договорните страни.

Договорот може да се менува само во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки и тендерската документација и Законот за облигациони односи.

**Член 34**

Ниту една од договорните страни нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 35**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за Нарачувачот и 2 (два) за вршителот на услугата.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

| | |
|---|---|
| **НАРАЧУВАЧ:** | **ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА:** |
| ОПШТИНА ЗРНОВЦИ | ДПИТУ МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ Скопје |
| Градоначалник | Управител |
| Борчо Коцев | Љубомир Терзиоски |